Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 05.02.2019 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на дваесет и петтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Дваесет и петтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се **одржи на ден 07.02.2019 година (четврток) со почеток во 12:00 часот** во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

-Усвојување на Записник од дваесет и четвртата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 31.01. 2019 година;

**Точка 1**
Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со ЈАВНИОТ ПОВИК за прибирање на предлог проект „Поставување на топловодно греење во ООУ Даме Груев – подрачно училиште во село Амзибегово и подрачно училиште во село Кадрифаково ";

**Точка 2**
Предлог – Одлука за намалување на обврска за надомест за уредување на градежно земјиште;

**Точка 3**
Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2019 година;

**Точка 4**
Програма - за јавни работи во 2019 година;

**Точка 5**
Информација за состојбите со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од ОН Свети Николе за второ полугодие од 2018 година;

**Точка 6**

План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Свети Николе (2019-20121);

**Точка 7**

Предлог – Одлука за распишување на тендер за проект БИОРЕАЛ финансиран од програмата за прекугранична соработка меѓу Грција и Македонија со референтен број CN1-S02.2-SC014;

**Бр. 0801- 380**
**05.02. 2019 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**